Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08 - 475/3
25.12. 2025 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 36, ст.1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.Македонија бр. 5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 17 од Статутот на Општина Градско (Службен гласник на Општина Градско бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23), Советот на Општина Градско на седницата одржана на ден 25.12.2025 година донесе

# ПРОГРАМА
## за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Градско за 2026 година

## I. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Општина Градско спаѓа во групата на средно-големи рурални општини по територија, а по број на население е во групата на релативно мали општини во Република Македонија.

Сместена во централниот дел на Република Македонија, со површина од 290 км2, со 3.233 жители, односно просечно по 11,2 жители на 1км2, што е далеку под просекот на РМ, така што Општината Градско се вбројува во една од најретко населените општини во Македонија. Во општината има 16 населени места.

Седиштето на општината се наоѓа во населбата Градско каде што по последниот попис во 2021 година живеат 2.008 жители.

Остатокот од населението живее во 10 населени места (селата: Виничани, Водоврати, Горно Чичево, Градско, Грнчиште, Долно Чичево, Кочилари, Ногаевци, Подлес и Уланци), а шест села се целосно раселени (Двориште, Згрополци, Куридере, Скачинци, Свеќани и Убого) со тенденција на овој број да се приклучат и селата Подлес, Грнчиште, Горно Чичево и Долно Чичево, чиј што број на жители од година во година континуирано се намалува.

## II. ПАТНА МРЕЖА

Општината Градско со оглед на својата местоположба претставува своевидна сообраќајна крстосница.

Преку целата должина на територијата на општината, во правецот север-југ, води автопатот Скопје-Гевгелија, а паралелно со него и регионалниот пат 103 Велес-Градско кој минува низ населбата Градско и се спојува на излезот од неа со регионалниот пат М-1 Градско-Неготино и регионалниот пат 106 Градско-Прилеп.

Минувањето на автопатот и регионалниот пат допринесува седиштето на општина Градско да биде многу добро поврзано со останатите центри на соседните општини: Велес, Росоман и Неготино.

Од соседните општини само со општина Чашка нема директна патна врска.

Но тоа не е случај кога станува збор за состојбата на општинските патишта кои ги поврзуваат останатите населени места со седиштето на општината, односно до регионалниот пат 103 Велес-Градско кон кој речиси сите села гравитираат.

Имено локалната патна мрежа во општина Градско можеме да ја поделиме во две категории на патишта: патишта до активни населени места и патишта до населени места без жители-неактивни села.

Од населените места во кои има сеуште постојани жители, локалната патна мрежа изнесува 34.5 км од кои:

-28.2 км се асфалтирани,
- 6,3 км се тампонирани.

До населените места во општина Градско - неактивните села локалната патна мрежа вкупно изнесува 42 км и сите патишта до овие села се земјени.

Напоменуваме дека состојбата на патната мрежа до населените (активни) села е многу подобрена во споредба со сотојбата што беше пред издвојувањето на Општина Градско како посебна ЕЛС Градско од поранешната Општина Велес. Само за илустрација, до издвојувањето на ЕЛС Градско целата патна мрежа беше со земјена подлога, мал дел беше тампонирана, а асфалтиран локален пат речиси и немаше.

Денес сите активно населени места се поврзани со асфалтни патишта, со исклучок на населеното место Гранчиште кон кое се асфалтирани само 300 метри..

## III. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Тргнувајќи од постојаната состојба на локалната патна мрежа во општината, раположивите средства планирани за оваа намена со Буџетот на општина Градско за 2026 година (кои веднаш да напоменеме се сосема скромни), надевајќи се на поголемо учество со свои средства за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта на стопанските субјекти кои стопанисуваат во нашата општина, како и средствата од Државните институции и Јавното претпријатие за државни патишта, наменети за изградба, реконструкција, заштита и одржување на локалните патишта и улици, Општина Градско со оваа програма има за цел да ја подобри состојбата на локалната патна мрежа, а тоа значи да се изврши изградба односно асфалтирање на неасвалтираните патишта, реконструкција на оштетените патишта и одржување на постојните патишта и улици на територијата на Општина Градско, со што ќе се овозможи побрза комуникација и непречено одвивање на патниот сообраќај во нашата општина, , а од друга страна ќе се овозможи и подобро искористување на постојните ресурси, побрз локален економски развој, запирање на миграцијата село-град и постепена ревитализација на сите населени места во општината Градско.

## IV. ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ

Општина Градско во насока на остварување на предходната цел, за наредната 2026 година планира да ги реализира следните проекти и активности:

### IV.1 Реконструкција на улици во Градско.

1, 1.Реконструкција на улица Борис Трајковски.
Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Градско.

1, 2.Реконструкција на улица Питу Гули.
Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Градско.

### IV.2 Реконструкција на улици во Уланци

1, 1.Реконструкција на улица во с. Уланци.
Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Градско.

### IV.3 Реконструкција на улици во Кочилари

1, 1.Реконструкција на улица во с. Кочилари.
Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Градско.

**IV.4 Реконструкција на улици во Ногаевци**

1, 1.Реконструкција на улица во с. Ногаевци - од железничката станица до влезот на селото - јаворот.
Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Градско.

**IV.5 Реконструкција на улици во Виничани**

1, 1.Реконструкција на улица во с. Виничани.
Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Градско.

**IV.6 Реконструкција на патот за манастирот свети Архангел Михаил.**

1, 1.Реконструкција на останатиот неасфалтиран дел од патот за манастирот во должина од 200м. Проект има изработено
Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Градско.

**IV.7 Тековно одржување на постојните локални патишта, нивна санација и зимско одржување на поодноста на патиштата и улиците во општината.**

За тековно одржување на патиштата и улиците (крпење на дупки, тампонирање, чистење на пропусти и сл.) во текот на оваа година планирани се средства во висина од 400.000.00 денари.

За одржување на проодноста на патиштата и улиците во зимскиот период во Општина Градско се планирани средства во износ од 300.000,00 денари- за безбедно, брзо и непречено одвивање на сообраќајот на локалните патишта на подрачјето на Општина Градско .

***Поради недостиг на изворни средства, општината не е во можност да одговори на оваа програма доколку во реализација не бидат вклучени сите субјекти пред се државните институции, стопанските субјекти од нашата општина како и други домашни и странски донатори.***

Совет на Општина Градско
Претседател
____________________
Драгана Данева